**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

# ПРЕДЛОГ

# НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

**Скопје, октомври 2012 година**

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Основен Закон во областа на трговската политика, со кој се уредуваат условите за вршење на трговија во земјата и странство е Законот за трговија ("Службен весник на РМ" бр. 16/2004, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009, 105/2009, 115/2010, 158/2010, 36/2011 и 53/2011).

Иако, Законот за трговија минатата година два пати е менуван и дополнуван, Министерството за економија има воочено одредени недостатоци при неговата примена, заради што е доставена иницијатива до Владата на Република Македонија, со цел за нивно надминување. Станува збор за свесно пробивање на рокот на важност на лиценцата од страна на одделни трговци кои имаат над три продажни објекти со цел да уплатат помал надоместок за лиценцата. Ова од причина што надоместокот за добивање на нова лиценца за оваа група на корисници е помал од надоместокот за продолжување на истата.

Државниот пазарен инспекторат исто така има воочено одредени недостатоци при неговата примена, заради што има доставено иницијатива до Владата на Република Македонија, со цел за нивно надминување. Станува збор за изземање на одредени прекршоци од постапката за едукација и нивно префрлање во прекршоци, за кои е предвидено директно санкционирање т.е. изрекување парична казна на лице место.

Потребата од укинување на постапката за едукација за одделни прекршоци е поради доследна примена на законските одредби без да се даде можност за нивно одложување, бидејќи истите се значајни за почитување на правата кои произлегуваат од вршење на дејноста, времетраењето на работното време, обезбедувањето на евиденција и да не се обезбеди простор за манипулација во постапката за надзор.

Освен претходното, Владата на Република Македонија на Шеесет и петтата седница одржана на 01.06.2012 година, по точка 86: Прашања и предлози заклучи сите министерства во рок од 7 дена да направат анализа на своите закони во насока дали постојат ограничувања во однос на малолетни лица и да се подготват посебни упатства за легитимирање.

Министерството за економија подготви Информација за ограничувањата во однос на малолетни лица во законите кои се во надлежност на Министерството за економија, со Предлог упатства за спроведување на истите по Законот за трговија и Законот за угостителска дејност.

Информацијата беше усвоена на Седумдесет и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 11.07..2012 година, по точка 35 – "Информација за ограничувањата во однос на малолетни лица во законите кои се во надлежност на Министерството за економија, со Предлог упатства за спроведување на истите во Законот за трговија и Законот за угостителска дејност при што се задолжува Министерството за економија во рок од 10 дена до Владата да достави предлог закон за изменување на законот за трговија во насока на создавање на правен основ за донесување на упатства од страна на министерот за економија со кој ќе се утврди овластување за пропишување на начинот на постапувањето на трговците и на вршителите на угостителската дејност во врска со утврдувањето на возраста на лицата.

Министерството за економија врз основа на Извадоците од Нацрт-записникот од 51-вата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.03.2012 година и Нацрт-записникот од 72-тата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 11.07.2012 година, подготви Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, во насока на:

- Пропишување на одредба со која се утврдува висината на надоместокот за добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важење на претходно издадена лиценца;

- пропишување на одредби со кои ќе се создаде правен основ за донесување на Упатство за постапување на трговците на мало при продажба на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари;

- измена на одредбите за едукација со цел субјектите истата да не ја користат како можност за одложување на периодот за отстранување на утврдените неправилности.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на предложените измени и дополнувања на Законот за трговија се:

- Да се утврди висината на надоместокот за добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важење на претходно издадена лиценца;
- Да се обезбеди правен основ за донесување на упатство за постапување на трговците на мало при продажба на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари;
- Да се заштити здравјето и животот на малолетните лица, со возраст под 18 години;
- Да се обезбеди доследно спроведување на ограничувањата пропишани во членот 24 од Законот, за продажба или купување на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари на лица со возраст под 18 години;
- Навремено пријавување на исполнување на условите за вршење на дејноста;
- Да се заштити јавниот интерес и заштита на правата на мир и спокојство на станарите во колективни стамбени згради и деловно стамбени згради;
- Да се спречи манипулацијата во постапката за надзор и олесни процесот на вршење на истиот.

Како основни решенија кои ги нуди овој закон се пропишување на одредби со кои ќе се обезбеди:

- усогласување на надоместокот за добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важност (лиценцата важи за период од две години), со надоместокот за продолжување на лиценцата;
- правен основ за донесување на пропис со кои детално ќе се утврди начинот на постапување на трговците на мало при продажба на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари;
- донесување на пропис од страна на министерот за економија, со кој ќе утврди овластување за пропишување на начинот на постапувањето на трговците, односно постапката за идентификација за утврдување на возраста на лицата при продажбата на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари;
- иземање одредени прекршоци за кои е предвидена постапка за едукација и нивно директно санкционирање;
- да се обезбеди примена на едукација за прекршоците кои се направени за прв пат, односно да не се дозволи повторување на прекршоците за кои е спроведена едукација.

Во врска со прекршоците, изземени од постапката за едукација ќе бидат следните прекршоци:

- не го пријавил исполнувањето на условите и започнувањето со работа на продажниот и деловниот објект;
- започнал со работа во колективна стамбена зграда и деловно стамбена зграда пред 6,00 часот и не завршил пред 24,00 часот;
- евиденцијата не се наоѓа во соодветната деловна просторија во која се врши трговијата и во секое време не биде достапна на надлежните инспекциски органи.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Се предвидуваат позитивни финансиски последици врз буџетот, бидејки со предлог законот ќе се изедначи висината на надоместокот за добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важење на претходно издадена лиценца, со надоместокот за продолжување на лиценцата, се предвидува директно санкционирање т.е. изрекувањето глоба на лице место, во случај на констатирани одредени прекршоци од страна на надлежните инспекциски органи, за кои прекршоци во моментов е предвидена постапка за едукација без изрекување парична казна.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

Нема

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

### Член 1

Во Законот за трговија ("Службен весник на РМ" бр.16/2004, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009, 105/2009, 115/2010, 158/2010, 36/2011 и 53/2011), во членот 23-а , по ставот 9 се додава нов став 10 кој гласи:

"За добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важење на претходно издадена лиценца, трговецот е должен да плати надоместок во износ од:

- 20.000 денари за секој продажен објект, ако има до три продажни објекти и
- 15.000 денари за секој продажен објект, ако има над три продажни објекти и 0,05% од вкупниот промет остварен во претходната година."

Ставот 10 станува став 11.

### Член 2

Во членот 23-б, по ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

"Кон барањето а добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важење на претходно издадена лиценца, трговецот на мало е должен да достави доказ за уплатен надоместок од членот 23-а, став 10."

Ставот 6 станува став 7.

### Член 3

Во членот 24, по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

"Начинот на утврдување на возраста на лицата, во смисла на ставот 1 и 3 од овој член, ќе се пропише од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата."

### Член 4

Во членот 49, во ставот 1 по зборовите "членот 55" се додаваат зборовите: "став 1 алинеја 1, 2, 3, 5, 6 и 8.

По ставот 4 се додава нов став 5 кој гласи:

"Едукацијата се однесува само за прекршоците кои се направени за прв пат."

Член 5

Се задолжува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговија.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Како што е наведено во делот II од предлог постапката, целта заради која се изготвува и донесува овој закон е:

- Да се утврди висината на надоместокот за добивање на нова лиценца по истекот на рокот на важење на претходно издадена лиценца;
- Создавање на правен основ за донесување на упатство од страна на министерот за економија со кој ќе се утврди овластување за пропишување на начинот на постапувањето на трговците во врска со утврдувањето на возраста на лицата;
- Подоследно исполнување на условите за вршење на дејноста, заштита на јавниот интерес и заштита на правата на мир и спокојство на станарите во колективни стамбени згради и деловно стамбени згради и спречување на манипулацијата во постапката за надзор и олесни процесот на вршење на истиот.

Со *членот 1* од овој закон се дополнува членот 23-а, со нов став 10 со кој се утврдува надоместокот за добивање на нова лиценца за продажба на алкохолни пијалаци по истекот на рокот на важење на претходно издадена лиценца.

Со *членот 2* се врши дополнување на членот 23-б, со цел да се прецизира дека трговецот на мало кон барањето за добивање на лиценца по истекот на рокот на важење на истата треба да поднесе доказ за уплатениот надоместок, утврден во членот 23-а од овој закон.

Со *членот 3* од овој закон се дополнува членот 24, со нов став 4, со кој се предвидува дека начинот на утврдување на возраста на лицата од ставот 1 на член 24 ќе се пропише од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата.

Со одредбите од ставот 4, се создава правен основ за донесување на пропис од страна на министерот за економија за начинот на утврдување на возраста на лицата, односно постапувањето на трговците на мало при продажба на алкохолни и енергетски пијалоци и цигари.

Со *членот 4* од овој закон се дополнува членот 49 ставот 1 со тоа што по зборовите "членот 55" се додаваат зборовите: "став 1 алинеја 1, 2, 3, 5, 6 и 8", со што се прецизираат прекршоците од членот 55 за кои може да се спроведе постапка за едукација. Ова значи дека за прекршоците пропишани во алинеите 4, 7 и 9 нема да се спроведе постапка за едукација и истите ќе подлежат на директно санкционирање без претходно водење постапка за едукација. Станува збор за следниве прекршоци:

1) не го пријавил исполнувањето на условите и започнувањето со работа на продажниот и деловниот објект;
2) започнал со работа во колективна стамбена зграда и деловно стамбена зграда пред 6,00 часот и не завршил пред 24,00 часот; и
3) евиденцијата не се наоѓа во соодветната деловна просторија во која се врши трговијата и во секое време не биде достапна на надлежните инспекциски органи.

Со овој член, исто така се предлага дополнување на членот 49, со што се пропишува дека едукацијата ќе се однесува само за прекршоците кои се направени за прв пат. Прекршоците кои се повторуваат нема да подлежат на едукација, за истите ќе се применува директно санкционирање.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за трговија се предвидува изменување на веќе постоечки одредби на законот, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на Законот ќе се овозможи:

- да се демотивираат трговците кои имаат над три продажни објекти да го пробиваат рокот на важност на лиценцата, па потоа по истекот на рокот повторно да аплицираат за добивање на нова лиценца.

- примена на членот 24 од Законот за трговија, односно ќе се создаде правен основ за донесување на пропис од страна на министерот за економија за постапување на трговците на мало при продажба на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари и

- навремено пријавување на исполнување на условите за вршење на дејноста и започнувањето со работа, ќе се заштити јавниот интерес и правата на мир и спокојство на станарите во колективни стамбени згради и деловно стамбени згради како и ќе се спречи манипулацијата во постапката за надзор и олесни процесот на вршење на истиот од страна на Државниот пазарен инспекторат.

## IV. ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 23-а

Трговецот на мало кој врши продажба на алкохолни пијалаци, за продажбата на алкохолни пијалаци е должен да поседува лиценца (во натамошниот текст: лиценца).

Лиценцата важи за период од две години.

За добивање на лиценцата трговецот е должен да плати надоместок во износ од 20.000 денари на сметка на Републички буџет.

Продажбата на алкохолни пијалаци трговецот од ставот 1 на овој член ја врши во посебен продажен објект за продажба на алкохолни пијалаци.

По исклучок од ставот 4 на овој член продажбата на алкохолни пијалаци трговецот на мало може да ја врши и во посебно издвоен дел од продажниот објект кој е соодветно обезбеден.

Лиценцата е непреносլива.

Лиценцата по истекот на рокот за кој е издадена може да се продолжи, на барање на трговецот на мало кој врши промет на алкохолни пијалаци, доколку ги исполнува условите од членот 23-а ставови 4 и 5 на овој закон.

За продолжување на лиценцата трговецот е должен да плати надоместок во износ од:

- 5.000 денари за секој продажен објект ако има до три продажни објекти и
- 15.000 денари за секој продажен објект, ако има над три продажни објекти и 0,05% од вкупниот промет остварен во претходната година.

Барањето од ставот 1 на овој член се доставува во рок од 30 дена пред истекот на рокот на важноста на лиценцата.

Трговецот на мало е должен да ја истакне лиценцата на видно место во продажниот објект.

### Член 23-б

Министерот за економија на барање на трговецот на мало издава лиценца.

Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува на два идентични обрасци со еден прилог на докази.

Кон барањето за издавање на лиценца трговецот на мало е должен да достави:

1) документ за тековната состојба на трговецот на мало, издаден од Централниот регистар на Република Македонија;

2) изјава за исполнетост на минимално техничките услови за продажниот објект во кој се врши продажба на алкохолни пијалаци; и

3) доказ за уплатен надоместок во износ од 20.000 денари.

Доколку се исполнети условите од ставот 3 на овој член, министерот за економија ја издава лиценцата во рок од пет дена од денот на поднесувањето на барањето.

Кон барањето за продолжување на лиценца, трговецот на мало е должен да достави доказ за уплатен надоместок за продолжување на лиценцата.

Лиценцата се запишува во регистар за издадени и одземени лиценци, кој го води Министерството за економија.

Министерот за економија поблиску ги пропишува:

- минимално-техничките услови за продажниот објект во кој што се врши продажбата на алкохолни пијалаци од членот 23-а ставови 4 и 5 на овој закон,
- формата и содржината и образецот на барањето од ставот 1 на овој член,
- формата и содржината и образецот на лиценцата и
- формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени лиценци.

Секоја промена која влијае на условите потребни за издавање на лиценцата трговецот на мало е должен да ја пријави до Министерството за економија во рок од пет дена од денот на настанувањето на промената.

Член 24

Трговецот на мало не смее да врши продажба на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари на лица со возраст под 18 години.

Трговецот е должен на видно место во продажниот објект да истакне натпис со големина 20 х 50 см со содржина "забранета е продажба на алкохолни и енергетски пијалаци и цигари на лица со возраст под 18 години".

Се забранува купување на алкохолни и енергетски пијалоци од страна на лица со возраст под 18 години.

Член 49

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор утврди дека е сторена неправилност од членот 55 на овој закон државниот пазарен инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот пазарен инспекторат, односно органот којшто го извршил инспекцискиот надзор во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку државниот пазарен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку државниот пазарен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.

Државниот пазарен инспекторат, односно органот којшто го извршил инспекцискиот надзор и којшто ја организирал и спровел едукацијата, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата.